# **С О О П Ш Т Е Н И Е**

## **за заверка на зимскиот и упис на летниот семестар во учебната 2022/2023 година**

Се известуваат редовните и вонредните студенти на прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека заверката на зимскиот семестар и уписот на летниот семестар во учебната 2022/2023 година ќе се одвива од **08.02.2023 до 24.02.2023 г**. во следниве чекори:

### 1. ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ

Студентите задолжително **електронски го запишуваат летниот семестар** во учебната 2022/2023 година **до 24.02.2023 г.** (согласно упатството на крајот на Соопштението).

### 2. СТУДЕНТСКА АНКЕТА

Студентите за да може да запишат летниот семестар во учебната 2022/2023 година задолжително **треба да пополнат анонимна студентска анкета** за професорите и асистентите кај кои имале настава во претходниот (зимски) семестар (**Упатство за пополнување на анонимни студентски анкети**).

Студентите кога доставуваат документи во Одделението за студентски прашања, треба заедно со останатите документи да достават како доказ, **испринтана слика од својот екран за завршено анкетирање**.

### 3. РЕЗЕРВИРАЊЕ ТЕРМИН

Студентите резервираат **термини за поднесување на документи** во Одделението за студентски прашања (во времетраење од 5 минути) во Google sheets, достапни на линковите во табелите, групирани по семестри на упис и соодветни институти.

| **08.02.2023 до 10.02.2023 г.**<br>**за студенти кои запишуваат II семестар**<br>**од 11:00 ч. до 15:00 ч.** | |
|---|---|
| **линк**<br>https://docs.google.com/spreadsheets/d/1Bku6zhTVoZ9yvImUHZk1W5Cw7k8YdpvzOumRqv_imL8/edit#gid=0 | |
| **Институт** | **шалтер** |
| Институт за биологија<br>Институт за хемија<br>двопредметни студии по биологија-хемија | **2** |
| Институт за математика<br>Институт за физика<br>двопредметни студии по математика-физика<br>Институт за географија<br>Институт за етнологија и антропологија | **1** |

| 13.02.2023 до 24.02.2023 г.<br>за студенти кои запишуваат IV, VI, VIII семестар и сите погорни семестри<br>од 10:00 ч. до 15:00 ч. | |
|---|---|
| линк<br>https://docs.google.com/spreadsheets/d/1sl4wn49zNMmFQGithZZyuOwsLTBZQdXvMQezclx-uzc/edit#gid=0 | |
| **Институт** | **шалтер** |
| Институт за биологија<br>Институт за хемија<br>двопредметни студии по биологија-хемија | **2** |
| Институт за математика<br>Институт за физика<br>двопредметни студии по математика-физика<br>Институт за географија<br>Институт за етнологија и антропологија | **1** |

**4. Потребни документи**

1. **Индекс**

- задолжително собрани потписи во индекс и електронски потписи во iknow системот за предметите слушани во зимскиот семестар 2022/2023 година;

- во индексот од страна на студентите задолжително да бидат впишани предметите кои ќе се запишат во летниот семестар во 2022/23 година.

2. **Образец за заверка на зимскиот семестар А4**, уредно пополнет со предметите кои студентот ги слушал во зимскиот семестар во 2022/23 година.

3. **Образец за запишување на летниот семестар А3**, уредно пополнет со следнава напомена: студентите ЗАДОЛЖИТЕЛНО да ги запишат предметите што ќе ги слушаат во летниот семестар во 2022/23 година (вклучително и изборните предмети) по прв пат и предметите кои ги презапишуваат, односно што НЕ ГИ ПОЛОЖИЛЕ од претходниот летен семестар во А3 образецот за запишување на семестар).

4. **Уплатница за уплатени 400,00 денари** која се однесува за следниве намени: административни трошоци, за обезбедување и за испитни тетратки.

5. **Уплатница за уплатени средства за упис на летниот семестар во учебна 2022/2023 година за студентите запишани во државна квота.**

Износот на сумата, претставува збир на вкупната сума од цената на кредити при прво запишување на предмети и вкупната цена на кредити за презапишување на предмети. Цените на кредити се одредени согласно со одлука на Деканатска управа бр. 02-3456/2 од 15.02.2010 година и дадени во Напомена 3.

Доколку студентот запишан во државна квота, не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар, до почетокот на наредниот соодветен семестар или еден предмет запишува по третпат, ги продолжува студиите со поднесување на трошоци за студирање (наведено во Напомена 1, подоле во соопштението), или

6. **Уплатница за уплатена рата за редовните и вонредните студенти запишани со кофинансирање** согласно договорот потпишан со факултетот. Износот на сумата, претставува збир на вкупната сума од цената на кредити при прво запишување на предмети и вкупната цена на кредити за презапишување на предмети (доколку студентот презапишува предмети помалку од 50% од предметите, наведено во Напомена 1, подоле во соопштението). Цените на кредити се одредени согласно со одлука надеканатска управа бр. 02-3456/2 од 15.02.2010 година и дадени во Напомена 3.

Доколку уплаќате **електронски**, налозите да бидат испечатени и заверени со печат од банката.

**Напомена 1:**

Согласно, чл.23 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, бр.417/2019), студент запишан со партиципација (*****државна квота), го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација (*****државна квота) и ги продолжува студиите во квота со школарина (*со поднесување на трошоците за студирање - кофинансирање) ако:

- еден предмет запишува по трет пат;

- не положил најмалку 50% од запишаните кредити воодреден семестар, до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

***** термините за квотите наведени во заградите, се однесуваат за студентите запишани по прв пат во уч.2018/2019 година и претходно и истите имаат еднакво значење.

**Напомена 2:**

Согласно, чл.34, чл.35, чл.36 и чл.37 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ,бр.417, 29 јануари 2019) студентите, при упис на предметите треба да внимаваат:

- при запишување на нови предметите, изборот на истите, треба да е во согласност со правилата за напредување, утврдени со студиските програми;
- на условувачките критериуми, односно на предусловите за запишување на секој предмет, кои се дефинирани во студиската програма (хоризонтална и вертикална условеност);
- најпрво ги презапишуваат неположените задолжителни и изборни предмети од претходниот зимски семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар, и на крај изборните од тековниот семестар, но не повеќе од вкупно 35 кредити;

  - **особено успешните студенти** (со просек 8,50 или повеќе) може да запишат до 40 ЕКТС под услов да се положени сите претходно запишани предмети. Во овој случај, студентите заедно со сите потребни документи и уплати поднесуваат **Барање за запишување од 36 до 40 ЕКТС**.

По проверка од страна на Одделението за студентски прашања, барањето по службена должност се доставува до продеканот за наставни и студентски прашања на потпис;

- **при повторно запишување на неположен изборен**, студентот има право да го замени со друг изборен предмет (доколку сака да изврши промена). Студентите поднесуваат **Барање за замена на неположен изборен предмет** до Ектс координаторот на соодветниот Институт);
- доколку студентот во семестарот запишува изборен/изборни од универзитетската листа на слободни изборни предмети за прв циклус студии на УКИМ, да се внесе во образецот за упис на семестарот А3, во точното поле. (10% од изборните предмети).

**Напомена 3:**

| 1 ЕКТС кредит<br><br>-квота- | за предмет, кој се запишува по прв пат (денари) | за предмет, кој се презапишува (денари) |
|---|---|---|
| Редовни - со партиципација (државна квота) | 210,00 | 410,00 |
| редовни и вонредни школарина (со кофинансирање) 400 еур | 410,00 | 600,00 |

Ви напоменуваме, дека електронскиот систем не ги пресметува точно кредитите, за предметите кои се презапишуваат. Студентите, да се придржуваат кон табелата погоре за пресметување на вкупната сума за упис на семестарот и исклучиво да го користат **Калкулаторот за пресметување уплати при упис**, поставен на фејсбук профилот на ПМФ и на веб страната на ПМФ во делот Настава и студирање >> Студентски прашања >> Калкулатор за пресметување уплати при упис на ПМФ линк и **Видеото за пресметување уплати при упис** линк.

Студентите, кои се во тешка материјална состојба, може да поднесат **Барање за плаќање на рати.** Сумата до 15.000,00 може да се уплати на 2 рати, а над 15.000,00 на 3 рати и не треба потпис за одобрување.

Барањето за плаќање на рати за летниот семестар во уч.2022/2023 година, може да го подигнете од Одделението за студентски прашања или да го симнете на следниот линк

**Напомена 4:**

Студентот кој не го запишал летниот семестар во учебната 2022/2023 г. во определениот рок (до 24.02.2023 г.) тоа може да го стори во период од 27.02.2023 г. до 31.03.2023 г. во период од 11:30 ч. до 13:30 ч. со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување во износ од 1.000 денари на шалтерот на Одделението за студентски прашања.

По истекот на рокот за задоцнето запишување, на студентот нема да му биде дозволено запишување на летен семестар во учебната 2022/2023 г.

**Напомена 5:**

Барање за мирување на студиите, студентот може да побара во роковите за упис на семестарот, но не подоцна од 31.03.2023 г.

**Напомена 6:**

Сите уплати наведени во Потребни документи (точки 4, 5 и 6) се вршат на образец ПП50:

| | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – СКОПЈЕ |
| - банка на примач | НБРМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетскикорисник на ПМФ | 1600110804788 19 |

Точки 5 и 6

- приходна шифра програма начин 723012 - 41 – 2

- цел на дознака (упис на летен семестар во уч.2022/2023 г. студиска програма)

Точка 4

- приходна шифра програма начин 723019 - 41 – 2

- цел на дознака (административни трошоци; за обезбедување и за испитни работни тетратки.

**Поддршка и начин на комуникација со студентите,**
**во периодот од 8.02.-24.02.2023 г.**

Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) или било каво прашање, пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на:

-lidija.mitevska@pmf.ukim.mk (биологија и биологија–хемија);
-ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk (математика, математика-физика, физика, географија, етнологија и антропологија)
-elenad@pmf.ukim.mk (хемија, молекуларна биологија со генетика),
-keti@pmf.ukim.mk раководител на Одделението за студентски прашања

Доколку имате технички проблеми (заборавена лозинка, промена на електронска адреса и сл.) пратете електронска порака, во која задолжително да се наведе: опис на проблемот, број на индекс на студентот и електронска адреса со која е регистриран во системот на следнава електронска адреса: stefan@pmf.ukim.mk

24.01.2023 год.

од Деканатот

# <u>**Упатство за запишување и заверување семестар преку “i-know ”**</u>

Откако ќе се најавите на системот, пред вас се отвара почетната страница за студентите. На неа се наоѓаат активни соопштенија кои биле поставени од факултетот. Главното мени за навигација се наоѓа на горниот дел од страницата веднаш под името, презимето и бр. индекс на најавениот студент.

Во табот **<u>"запишани семестри"</u>** од менито, има табеларен преглед на претходно запишаните семестри. Претходно запишаниот семестар (зимски 2022/2023), кој сега треба да се заверува, ќе биде заверен од страна на службениците на студентската служба, тогаш кога ќе сеприложат документи кои физички ќе ги депонирате и собраните потписи од професорите во индексот.

Во табот "запишани семестри", во горниот дел се наоѓа опцијата за запишување на следниот семестар (летен 2022/23). Од листата понудени семестри го избирате следниот семестар. Опциите за насока, квота и вид на студии ви се предодредени според претходниот семестар кој сте го запишале. Доколку имате промена на овие податоци по разни основи, мора да се обратите на Одделениетоза студентски прашања. Откако сте ги избрале соодветните параметри, на копчето ”внеси” го запишувате следиот семестар. откако новиот запишан семестар ќе се појави прв (најгоре) во табелата запишани семестри.

Откако ќе го запишете новиот семестар се упатувате на следниот таб **<u>"предмети".</u>**Тука ги избирате предметите кои ќе ги следите во следниот семестар. најгоре лево на формата е избран семестарот за кој ќе избирате предмети (летен 2022/23). Треба да ги изберете сите задолжителни предмети кои на вашата насока, може да ги слушате во летниот семестар, како и дел од изборните од тој семестар, ако има, но не повеќе предмети, односно не повеќе од вкупно 35 кредити по семестар.

Во прва година нормално е да се следат 30 кредити по семестар. Оние предмети кои ги запишувате да ги следите, ги префрлате од левите листи во десните со помош на копчињата за лево/десно меѓу листите. Со секое префрлање на избран предмет од лево во десно се ажурира сумата за плаќање за тој семестар, сместена најгоре во средишниот дел на формата. Во прва година, после избор на соодветни предмети, сумата за плаќање треба да е 30 кредити односно 6300 мкд за студентите од државна квота и 12300 мкд за студентите со кофинансирање. Ви напоменуваме, дека електронскиот систем не ги пресметува точно кредитите кои се презапишуваат, за студентите од 4 семестар, па нагоре.

Студентите, да се придржуваат кон табелата погоре за пресметување на вкупната сума за упис на семестарот. Откако сите потребни предмети ќе се префрлат во десните листи, најдолу десно на формата со копчето “запиши” сите избрани предмети ќе сезапишат за тој семестар и ќе се појават во табела “запишани предмети” во горниот дел на формата. Откако со копчето “запиши” ќе ги запишете предметите, завршува електронскиот дел од запишувањето на следниот семестар. Вам ви останува физички да ги однесете документите за заверка на минатиот и запишување на следниот семестар на шалтерите на Одделението за студентски прашања, согласно упатството.